Овој проект е финансиран од Европската Унија

ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА МЛАДИТЕ ОКОЛУ ЕКОЛОШКАТА СОСТОЈБА ВО ГРАД ГОСТИВАР

Клучни наоди од истражување



Овој проект е финансиран од Европската Унија

Наслов: Перцепцијата на младите околу еколошката состојба во град Гостивар

Автор: Мухамед Салмани

Издавач: Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ

Уредник: Добринка Стојановска

Извештајот е дел од програмата за подгрантирање во рамки на проектот „Младински активизам за позелени општини“. Проектот е финансиски поддржан од Европската Унија“. Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка на Европската Унија.

Содржината на публикацијата е целосна одговорност на авторот и на Здружението Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ и не треба на било кој начин да се смета за одраз на официјалниот став на Европската Унија.

СОДРЖИНА:

ВОВЕД 4
МЕТОДОЛОГИЈА 5
1. Состојбата со животната средина во Гостивар 5
2. Загадување на животната средина со отпад во Гостивар 6
2. Загадување на воздухот во Гостивар 6
5. Недоволно зелени површини – паркови во Гостивар 9
6. Стратегиски цели и мерки за подобри услови за живот и стандард на граѓаните 10
5. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ 10
5.1. Презентација на резултатите од истражувањето 10
5.2. Главни причини за загадување на животната средина 12
5.3. Квалитет на животната средина во општина Гостивар 13
5.4. Решение за проблемот со загадување 14
5.5. Информираност на младите за достапните субвенции за еколошко затоплување 14
5.6. Дали се казнуваат загадувачите на животната средина? 17
5.7. Младински иницијативи за заштита на животната средина 18
5.8. Апликација за пријавување на загадување на животната средина во општина Гостивар 19
ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА 20
БИБЛИОГРАФИЈА 22
Анекс 1. Анкета за млади 23

ВОВЕД

Животната средина спаѓа во најважните фактори кои го определуваат квалитетот на живот на граѓаните. Во последниве години, грижата околу деградацијата на животната средина, управување со отпадот и далекусежните последици од загадувањето привлекуваат големо внимание на глобално, регионално, но и на национално ниво.

Република Северна Македонија, како и многу други земји, се соочува со предизвици поврзани со заштита на животната средина во чие решавање младите треба да имаат активна улога. За справување со климатските ризици и здрава животна средина потребна е едукација на младите генерации и развивање на нивната еколошка свест.

Последната анализа направена за знаењата, ставовите и практиките на јавноста во врска со климатските промени и животната средина[1] покажува дека најголем дел од граѓаните (73%) се загрижени за климатските промени и за нивното негативно влијание врз квалитетот на живот на младите. Голем процент од помладата популација го сметаат загадувањето на воздухот за најголема еколошка закана, при што младите покажуваат поголема загриженост во споредба со другите возрасни групи. Меѓутоа, тие исто така, се и помотивирани за учество во активности за заштита на животната средина. Според ова истражување, најактивната категорија граѓани кои лично презеле акција се младите на возраст од 15 до 18 години.

Специфичноста на проблемот и неговите манифестации во природата, како и врз целото население, веќе не бара одговор на прашањето: ***дали треба да направиме нешто,*** **туку** ***што треба да направиме сега*****?** Токму затоа, во рамки на ова истражување преку анализата на одговорите на прашалникот поставен на дигитална платформа на Google Forms во кои беа опфатени вкупно 203 млади, ќе добиеме слика за еколошките предизвици со кои се соочуваат младите во Гостивар. Воедно, ќе ги согледаме и нивните ставови за еколошките проблеми, како и нивните предлози за решавање на овој горлив проблем.

Извештајот е достапен само во електронска форма на веб страницата на здружението Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ MEDIUM – Center for Media Community development (mediumcenter.mk).

[1] Истражување за знаењата, ставовите и практиките во врска со климатските промени и животната средина - https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/izvestai/istrazuvanje-za-znaenjata-stavovite-i-praktikite-vo-vrska-so-klimatskite-promeni

МЕТОДОЛОГИЈА

Со цел да добиеме слика за еколошките проблеми, односно предизвици со кои се соочуваат младите во средината во која живеат, а воедно и за да стигнеме до објективни резултати во самото истражување применета е квантитативна и квалитативна анализа. За утврдување на реалната фактичка состојба со загадувањето во општина Гостивар, беше подготвена и спроведена анкета во која учествуваа 203 млади на возраст од 16 до 29 години на дигитална платформа на Google Forms. Преку анкетата беа опфатени најсуштествените еколошки проблеми и предизвици со кои се среќаваат младите во Гостивар. Истата беше спроведена во периодот од 25 јануари до 25 февруари 2024 година. Исто така, користејќи ги методите на деск истражување, низ преглед на релевантни материјали, вклучени се и тековни политики на општина Гостивар, како што се Стратегијата за чист воздух и Стратегијата за локален економски развој. Воедно и преку директен пристап со кратки интервјуа со надлежните во општината, утврдено е нивото на спроведување на овие тековни политики, односно реализираните инвестиции предвидени во областа на животната средина.

Релевантните наоди и други информации за истражувањето се презентирани во три дела во рамките на овој Извештај. Во првиот дел е доловена состојбата со животната средина на општина Гостивар и важноста за здравјето на граѓаните. Вториот дел се состои од емпириско истражување, каде што се презентираат наодите од собраните податоци од спроведената анкета со младите. Третиот дел ги содржи заклучните согледувања и препораките за подобрување.

1. Состојбата со животната средина во Гостивар

На подрачјето на општина Гостивар загадувањето на почвата, водата и воздухот е присутно во текот на целата година.

- Загадување на почвата настанува од употреба на вештачки ѓубрива, хемиски и други отровни материи и таложење прашина и честички од тешки метали и отровни материи во тврда, течна и гасовита состојба од загадувачите присутни на ова подрачје.
- Загадување на воздухот настанува од гасови и суспендирани честички, прашина од индустриски и производни капацитети, станбени и деловни објекти, возила и др.

- Загадување на водата за пиење опфаќа внес на различни загадувачи во реките и подземните води.[2]

Заштитата на животната средина и природата, во смисла на преземање мерки за спречување од загадување на водата, воздухот и земјиштето е една од основните надлежности на општина Гостивар, содржана во Статутот на општината[3], но и покрај предвидените надлежности, видлива е ситуацијата со загадувањето и бројните реакции од граѓаните, а општината е инертна во справувањето со овој проблем.

2. Загадување на животната средина со отпад во Гостивар

Во Општина Гостивар постои и функционира јавно комунално претпријатие „Комуналец“ кое се грижи за собирање, транспорт и депонирање на комуналниот отпад. Собраниот комунален отпад се транспортира и депонира во градската депонија „Русино“. На периферијата на градот евидентирани се неколку диви депонии, кои претставуваат опасност по животната средина, а една од тие е и депонијата „Русино“.

Голема загаденост на животната средина доаѓа и од селските рурални средини. Отпадот го исфрлаат во блиските водотеци и реки, и тој, при поројни дождови се транспортира во реките Вардар и Лакавица, со тоа што се загадува и се нарушуваат визуелните и пејзажните карактеристики на пределот. Како позначаен еколошки проблем се истакнува проблемот на загадувањето на почвата и водата со употреба на хемиски препарати и вештачки ѓубрива при третирањето на лозовите и другите насади и земјоделските површини.

Ваквото загадување на животната средина, поточно на почвата, водата и воздухот претставува директна опасност по здравјето и животот на граѓаните на општина Гостивар.

2. Загадување на воздухот во Гостивар

Нарушувањето на квалитетот на воздухот е сè повеќе присутно во градовите и истото се должи на секојдневните човекови активности. Со овој проблем се соочува и општина Гостивар каде се забележува зголемено загадување на воздухот во урбаниот дел односно во централниот дел. Значително загадување на воздухот се

[2] Стратешки план за намалување ризици од катастрофи на Општина Гостивар 2022 – 2026 - https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/IDSCS_Strateski-Plan_Gostivar_digital_A4_MK.pdf

[3] Статут на општина Гостивар - https://gostivari.gov.mk/mk/%d1%81%d1%82%d0%b0%d1%82%d1%83%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%b8%d0%bd%d0%b0-%d0%b3%d0%be%d1%81%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b0%d1%80/

регистрира особено во студените зимски месеци, пред сé заради атмосферските услови и зголемената употреба на фосилни горива за загревање на домаќинствата и објектите на јавните и приватните правни субјекти.

Според информација од надлежно лице во општина Гостивар, една внатрешна анализа спроведена од страна на општината, со подршка на УНДП, покажува дека мнозинството од граѓаните во Гостивар се греат на дрва и пелети, а многу ретко со мазут.

Со цел утврдување на состојбите и дефинирање на мерки за подобрување на квалитетот на воздух, општина Гостивар во 2020 година усвои Стратегија за чист воздух[4], и истата е дел од општата Стратегија за заштита на животната средина во општина Гостивар и дел на ЛЕАП[5] (Локален еколошки акционен план).

Општинската стратегија за чист воздух предлага конструктивна соработка со индустријата, малите бизниси, владата, еколошките невладини организации, здравствениот сектор и со граѓаните, со цел да се обезбеди заштита на јавното здравје и да ја подобрат состојбата на животната средина во општина Гостивар.

Преку директен пристап, односно преку кратки интервјуа со надлежните на општината, утврдено е дека според оваа стратегија реализирани се следите активности: субвенционирање на велосипеди, доделување на субвенции на граѓаните за набавка на инвентер клима уреди, изградба на велосипедски патеки, засадување над 200 дрва секоја година, обезбедување корпи за отпад на јавни површини, проширување на зелени површини, вклучувајќи и дворови на едукативни и образовни институции, поставување сензори односно мерни станици за мерење на загадувањето, информативни табли и други.

Програмите за намалување на загадување на воздухот според стратегијата за заштита на воздухот во Гостивар може да се поделат во две категории: долгорочна и краткорочна контрола (контрола на епизоди).

Краткорочната контрола ја опфаќа примената на усвоените законски решенија за заштита на воздухот и примена на мерки за енергетска ефикасност на домаќинствата и бизнисите (кои го намалуваат количеството на потрошените согорливи материи за греење). Штом ќе се утврди дека загадувањето е над дозволеното ниво, екипи на терен веднаш треба да ги исконтролираат, најпрво најголемите загадувачи-фирмите со лиценца А, па оние со лиценца Б и да се

[4] Стратегија за чист воздух во општина Гостивар 2020 - https://gostivari.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/42STRATEGJIA-P%C3%8BR-AJ%C3%8BR-T%C3%8B-PAST%C3%8BR-N%C3%8B-GOSTIVAR-2020-FINAL-mkd.pdf

[5] Стратегија за локален економски развој на општина Гостивар за периодот 2021 – 2025 година - https://gostivari.gov.mk/wp-content/uploads/2022/03/STRATEGIJA-ZA-LER-_GOSTIVAR-2021-2025-FINAL.pdf

стопира нивната работа. Потоа, треба да се контролираат оние што палат гуми, пластика, кабли и слично.

Во долгорочните политики за контрола на загадувањето на воздухот најважно е инсталирање на филтри и примена на стандардите кои ја ограничуваат содржината на загадувачи во воздухот што се исфрла од индустриските оџаци, дислоцирање на најголемите загадувачи, отстранување од промет автомобили кои не ги исполнуваат стандардите за незагадување на воздухот, забрана на употреба на одредени материи за согорување (нафта, ќумур, мазут, пластика, гуми, индустриски масла, петрококс...) во приватни домаќинства, фабрики, или приватни работилници, Класификација и рециклирање на отпадоците, како и физичка заштита на регионалната депонија и инсталирање на сензори за алармирање во случај на оган и камери за следење на депонијата.

4. Незадоволувачки стандарди за депонирање на цврст отпад

Третманот на цврстиот отпад во Општина Гостивар е обезбеден за градот, приградските населби и неколку од поголемите села. Превезувањето на сметот и отпадот се врши од страна на Јавното претпријатие „Комуналец“ при општина Гостивар кое располага со своја депонија за отпад, односно депонија „Русино“ со површина од 40.000 м^2. Претпријатието, во моментов се соочува со проблемот на депонирање на цврстиот комунален отпад. Комуналната депонија „Русино“, која се наоѓа во близина на Гостивар не ги задоволува потребите и стандардите за депонирање на цврст комунален отпад на населението од општината. Жителите на населеното место, освен што го предаваат генерираниот отпад на комуналното претпријатие, добар дел и го одлагаат на дивите депонии во блиската неспоредна околина, што претставува неорганизирано третирање на отпадот и закана за здравјето на граѓаните. Во Гостивар граѓаните не прават разлика помеѓу видот на отпадот што го фрлаат во контејнерите што се поставени од јавното претпријатие. Затоа претпријатието е приморано без да прави селекција да го фрли отпадот во депонијата „Русино“.

Во урбаниот дел на општината собирањето и транспортот на отпадот се врши два до три пати неделно. Податоците од јавното претпријатие за 2021 година за количината на собраниот и транспортираниот отпад е следнава: 15.312 тони

годишно за домаќинствата; 6.428 тони годишно за индустријата; 264 тони годишно за зелени површини; 2.440 тони годишно за градскиот отпад. [6]

Согласно Националната стратегија за управување со отпад[7], проблемите во управувањето со цврстиот отпад може да се надминат преку воведување на регионално интегрално управување со цврстиот отпад, согласно директивите на ЕУ. Во Полошкиот регион планирано е да воспостави интегрално управување со комуналниот отпад преку издавање на концесија за управување со комуналниот цврст отпад.[8]

Регулирањето на системот на третман на цврстиот отпад на регионално ниво во голема мера ќе придонесе да се заокружи во целост прибирањето и транспортот на овој вид отпад на територија на целата општина. Тоа во иднина ќе придонесе за расчистување на постоечките диви депонии и нивно затворање и санација, како и во заштитата на животната средина со што ќе се зголеми и квалитетот на туристичката понуда на општината.

5. Недоволно зелени површини – паркови во Гостивар

Општината поседува и управува со зелени јавни површини од типот на паркови и терени за спорт и рекреација. Поголемиот дел од нив се на територијата на градот.

Градот располага со три градски паркови кои во однос на бројот на жителите не ги задоволува потребите на граѓаните, бидејќи е под државната норма на м^2 зеленило по жител.[9] Согласно Законот за урбано зеленило поставени се стандарди и нормативи за планирање и проектирање на зеленило, што секоја единица на локалната самуправа треба да ги постигне. Секоја општина, во процесот на урбанистичко планирање, при изработка на Генералниот урбанистички план, треба да обезбеди 25м^2 зеленило по жител во рамките на планскиот опфат на градот.[10] Оттука, во Гостивар потребно е многу повеќе зеленило за општината да се приближи до овој стандард и норматив за планирање и проектирање на зеленило.

[6] Стратегија за локален економски развој на општина Гостивар за периодот 2021 – 2025 година, ст.19 - https://gostivari.gov.mk/wp-content/uploads/2022/03/STRATEGIJA-ZA-LER-_GOSTIVAR-2021-2025-FINAL.pdf

[7] Национален план за управување со отпад 2020 - 2030 - https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2020/10/Nacrt-SOZS-NPUO_14.10.2020_v02.pdf

[8] https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2020/07/Regi%D0%BEnalen-plan-za-UO-Polog.pdf

[9] Стратегија за локален економски развој на општина Гостивар за периодот 2021 – 2025 година - https://gostivari.gov.mk/wp-content/uploads/2022/03/STRATEGIJA-ZA-LER-_GOSTIVAR-2021-2025-FINAL.pdf

[10] Закон за урбано зеленило, член 19, став 1.

6. Стратегиски цели и мерки за подобри услови за живот и стандард на граѓаните

Општина Гостивар во периодот од 2017 - 2020 година според програмите на општинскиот буџет и согласно стратегиските цели и мерки за подобри услови за живот и стандард во однос на животната средина има реализирано два проекти за животна средина и тоа: отпад со буџет од вкупно 2.800,000 денари и два проекти за енергетска ефикасност реализирано со буџет од вкупно 6.000,000 денари.[11] Активностите се подржани и од меѓународни невладини организации и фондации.

Во програмата за 2024 година предвидени се и субвенции за набавка на инвертер клими и субвенционирање на граѓани за набавка на велосипеди, додека пак за енергетска ефикасност предвидени се средства само за објекти за кои е надлежна општината, како што се градинки, школи, општинската зграда и објекти на јавните претпријатија основани од страна на општината.

Исто така од големо значење е да се нагласи дека, општина Гостивар од почетокот на 2024 година има креирано сектор за заштита на животната средина со две одделенија кои се во фаза на екипирање.

5. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

5.1. Презентација на резултатите од истражувањето

Процесот на собирање на податоци влучуваше онлајн прашалник односно анкета со засегнати страни т.е. младата популација која живее во општина Гостивар.

Истражувањето беше спроведено со 203 испитаници поделени по возрасни групи од 16 до 29 години, во период од еден месец. Анализата е направена со целен примерок од општина Гостивар.


Преку спроведената анкета добивме јасна слика за еколошките проблеми и предизвици со кои се соочуваат младите во средината во која живеат. Исто така, читателите може да добијат дополнителна информација за ставовите и предлозите на младите за подобрување на животната средина.

Возрасната структура на младите кои се вклучени во истражувањето од вкупно **203** испитаници е следна: **10.1%** (20) се на возраст до 16 години, **41.2%** (82) од


[11] Стратегија за локален економски развој на општина Гостивар за периодот 2021 – 2025 година - https://gostivari.gov.mk/wp-content/uploads/2022/03/STRATEGIJA-ZA-LER-_GOSTIVAR-2021-2025-FINAL.pdf

испитаниците се на возраст од 24 до 29 години. Најголем број од испитаниците се на возраст од 24 – 29 години, односно **48.7%** (97).

Во однос на полот на испитаниците вклучени во прашалникот, **59,9%** (121) се од машки пол, а **40,1%** (81) се од женски пол.




Графикон 1, Возрасна структура на испитаниците



Графикон 2, Пол на испитаниците

Поделбата во однос на степенот на образование на младите кои се вклучени во истражувањето е следна: **4,5%** (9) се со завршено основно училиште, **42,8%** (86)

имаат високо образование, а најголем број од испитаниците односно **53,7%** (108) имаат завршено средно училиште.



Графикон 3, Степенот на образование на испитаниците

5.2. Главни причини за загадување на животната средина

На првото прашање „Кои се главните причини за загадување на животната средина во вашето населено место?“, според мислењето на испитаниците, најголем загадувач на животната средина во Гостивар е отпадот со **81.6%** (164), а потоа следи индустријата со **44,3%** (89) и транспортот со **40.3%** (81), додека најмал број од испитаниците односно **27.9%** (56) мислат дека домашното греење претставува главен загадувач на животната средина.



Графикон 4, Главните причини за загадување на животната средина

Најголем дел од испитаниците мислат дека отпадот и индустријата се најголеми загадувачи на животната средина, а тоа јасно ја нагласува потребата од инвестиции во еколошката инфраструктура (главно преку поставување на повеќе контејнери за одлагање на отпадот, како и контејнери за селекција на отпад) и зајакнување на капацитетите на јавното претпријатие ЈП Комуналец Гостивар за собирање и превезување на сметот и отпадот. Според одговорите, постои и реална потреба од инсталирање на филтри и примена на стандардите кои ја ограничуваат содржината на загадувачи во воздухот што се исфрла од индустриските оџаци. Големите индустриски компании всушност имаат и законска обврска да ги инсталираат потребните филтри и да добијат А - интегрирани еколошки дозволи, кои ги издава Министерството за животна средина и просторно планирање. Со тоа тие треба да ги намалат емисиите при производство, особено оние кои согоруваат јаглен, нафта или мазут.

5.3. Квалитет на животната средина во општина Гостивар

На второто прашање младите од Гостивар дадоа свое мислење за квалитетот на животната средина во нивното населено место. Анализата на одговорите покажува дека повеќе од половина од младите испитаници т.е. вкупно **52.2%** (105) мислат дека квалитетот на животната средина се влошува, додека **39,8%** (80) веруваат дека квалитетот на животната средина останува ист. Од резултатите јасно произлегува колку скептични се младите во Гостивар, во однос на квалитетот на животната средина со тоа што само **2.5%** (5) сметаат дека ситуацијата се подобрува.



Графикон 5, Квалитетот на животната средина во вашето населено место

5.4. Решение за проблемот со загадување

На третото прашање младите од Гостивар имаа можност да изберат повеќе одговори во однос на тоа кое е решението со загадувањето на животната средина во нивното населено место. Најголем број од младите испитаници, или вкупно **81,2%** (164) мислаат дека со зголемувањето на зелената површина делумно би се влијаело врз подобрување на животната средина. Вкупно **44,6%** (90) сметаат дека поставувањето на филтри на фабриките водат до надминување на овој проблем, додека **41,1%** (83) сметаат дека со воведувањето на јавен превоз ќе се намали загадувањето. Само **23,3%** (47) одговориле дека промената на возен режим во централно градско подрачје би придонело кон намалување на загадувањето на животната средина.



Графикон 6, Решението за шроблемот со загадувањето на животната средина

5.5. Информираност на младите за достапните субвенции за еколошко затоплување

На четвртото прашање во однос на информираноста на младите дека општина Гостивар, еднаш годишно обезбедува субвенции за еколошко затоплување

резултатите покажуваат дека постои висок степен на неинформираност, односно **70.3%** (142) воопшто не се информирани за постоењето вакви субвенции за еколошко затоплување, а само **13,9%** (28) од испитаниците се информирани за овие субвенции. Овие наоди ја нагласуваат потребата за одржување на кампања од страна на општината, со единствена цел, што повеќе граѓани да се информираат за овие субвенции.



Графикон 6, Информираноста за субвенциите кои ги дава општина Гостивар за граѓаните за еколошко затоплување


На петтото прашање младите имаа можност да ги изразуваат нивните мислења во врска со тоа дали општината треба да обезбеди повеќе субвенции за еколошко затоплување. Најголем број од младите **84%** (168) мислаат дека општината треба да обезбеди повеќе субвенции за еколошко затоплување, а незначаен мал процент, односно **13%** (26) одговориле негативно.



Графикон 7, Мислењето на младите, дали општината треба да обезбеди повеќе субвенции за еколошко затоплување?

Овие резултати очигледно го изразуваат големиот интерес на младите за набавка на посовремени уреди за затоплување и ова треба да се земе како сигнал за општината да обезбеди повеќе субвенции за еколошко затоплување, кое ќе влијае на подобрување на животната средина и ќе ги намали трошоците на граѓаните за затоплување.

Од друга страна пак, греењето како голем причинител за загадувањето на животната средина ги мотивира **52,5%** (106) од младите да го сменат начинот на греење, со цел да се намали загадувањето. Од добиените одговори може да се заклучи дека помеѓу младите постои значително ниво на грижа за еколошките прашања, со тоа што мнозинството, односно повеќе од половина од анкетираните млади покажаа спремност да го сменат начинот на греење.



Графикон 8, Дали сте потготвени да го смените начинот на греење со цел да се намали загадувањето на животната средина?

5.6. Дали се казнуваат загадувачите на животната средина?

На седмото прашање, перцепцијата на најголем дел од младите испитаници **70,9%** (144) е дека не се казнуваат загадувачите. Само **14,8%** (30) сметаат дека има казни, но се селективни, додека **11.8%** (24) се изјасниле дека има казни, но не се плаќаат, а **12.8%** (26) од младите испитаници останале воздржани по однос на ова прашање.



Графикон 9.Дали сметате дека доволно се казнуваат загадувачите на животната средина?

Со ваквиот став младите од Гостивар јасно ја искажуваат нивната недоверба во институциите. Од резултатите јасно произлегува перцепцијата на младите за соодветна примена на законите. Тие немаат доверба во инспекторите за животна средина во Гостивар.


Преку директен пристап со интервјуа со надлежните на општината, утврдено е дека во општина Гостивар има само двајца инспектори за заштита на животната средина, кои се во склоп на секторот за инспекциски надзор.

Гостивар е општина која зафаќа површина од околу 650 километри квадратни и има 81.042 жители, т.е. вкупно население. Оттука, јасно прозлегува дека има недостаток на инспектори и потребно е овој број да расте. Истовремено, се јавува и потреба да се покаже поголема проактивност од страна на инспекторите во заштита на животната средина. Исто така, за да се влијае врз зголемување на довербата во инспекторите и нивната работа, треба да се најде можност и начин да се

информираат младите за исходот на постапките покренати против загадувачите на животната средина.

5.7. Младински иницијативи за заштита на животната средина

Анализата на одговорите за осмото прашање се загрижувачки, ако го земеме во предвид фактот дека повеќе од половина од младите испитаници, односно **51.2%** (103) не учествувале во никаква иницијатива за заштита на животната средина.



Графикон 9, Дали некогаш сте биле дел од иницијатива за заштита на природната средина?

Оттука, произлегува дека потребно е одржување на работилници, кампањи, за да се влијае врз подигнување на свеста за важноста на влијанието на младите за заштита на животната средина на локално ниво. Исто така, преку одржување на различни обуки, треба да се зајакне учеството и знаењето на младите за промовирање и застапување пред локалните власти за постоечките еко-проблеми.

Со иницијатива на ЛМС и во координација со општина Гостивар, во општина Гостивар е креирана и Локална стратегија за млади 2023 - 2027 согласно Законот за младинско учество и младински политики. Во стратегијата се предвидени активности кои се очекува да резултираат со подобрување на состојбата на животната средина во Гостивар.

5.8. Апликација за пријавување на загадување на животната средина во општина Гостивар

На последното прашање младите испитаници беа прашани дали би користиле онлајн апликација за пријавување на загадувањето. Графиконот на резултатите покажува дека најголем број од младите, т.е. вкупно **76.7%** (155) би користеле онлајн апликација, а незначителен мал процент, односно **18,3%** (37) не би ја користеле. Позитивните одговори на младите испитаници во однос на нивната спремност да пријавуваат случаи на загадувањето на животната средина, укажува на фактот дека е неопходно да се креира апликација за пријавување на загадувачите, каде што корисниците ќе имаат можност, со видео, слика, датум, време, локација и други материјали да пријават било какво загадување на животната средина во општина Гостивар. Исто така, многу е важно во рамки на апликацијата, корисниците да се информираат и за исходот на нивните пријавувања, односно дали загадувачите биле казнети.



Графикон 10.Дали вие би користиле онлајн апликација за пријавување на загадување на животната средина?

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Од истражувањето можеме да заклучиме дека најголема еколошка опасност по здравјето во општина Гостивар е проблемот со аерозагадувањето и управувањето со отпадот.

Но, за жал, и покрај оваа видлива ситуација со загадување на животната средина и големиот број на реакции од граѓаните, општината е интерна со справување со овој проблем.

Од друга страна, исто така, важно е да се потенцира дека не може само општината да придонесе кон подобрување на состојбата со животната средина, туку треба да има конструктивна соработка со индустријата, малите бизниси, владата, еколошките невладини организации, здравствениот сектор и со граѓаните.

Преку спроведените интервјуа, надлежните на општина Гостивар, потврдија дека имаат тесна соработка со бизнис секторот и постојано се трудат истата да ја унапредуваат. Исто така, општината има соработка и со меѓународни организации и невладини организации и со подршка од нив ги спроведуваат стратегиските цели и мерки за подобри услови за живот и стандард во однос на животната средина.

ПРЕПОРАКИ

Во продолжение се дадени конкретни препораки за подобрување на состојбата со животната средина во општина Гостивар:

1. Најголем дел од испитаниците сметаат дека отпадот и индустријата се најголеми загадувачи на животната средина. Па, оттука, потребни се инвестиции во еколошката инфраструктура (главно преку поставување на повеќе контејнери за одлагање на отпад и контејнери за селекција на отпад) и зајакнување на капацитетите на ЈП Комуналец Гостивар за собирање и превезување на сметот и отпадот**.** Во однос на индустријата потребна е поголема контрола за соодветна примена на стандардите за намалување на загадувањето кои произлегуваат од индустриските оџаци и од поголемите оџаци со еколошки интегрирана лиценца Б.
2. Едукација на граѓаните и правните лица за примена на соодветни механизми за намалување на загадувањето на животната средина. Известување на популацијата преку јавните медиуми и социјалните мрежи дека во случај на постапување спротивно на законските одредби ќе се превземаат соодветни мерки.

3. Одржување на различни обуки во училишта и факултети, со цел да се зајакне учеството и да се подобри знаењето на младите за промовирање и застапување пред локалните власти за актуелните локални еколошки проблеми.
4. Обезбедување на повеќе субвенции за еколошко затоплување, кои ќе влијаат на подобрување на животната средина и ќе ги намали трошоците на граѓаните за затоплување. Исто така, со цел повеќе млади да се информираат за овие субвенции, потребно е поширока кампања од страна на општината, односно известување преку социјални мрежи и локални медиуми.
5. Општината да ги поддржува граѓаните и невладините организации во борбата против загадувањето на животната средина и воздухот.
6. Итни мерки за санација на регионалната депонија „Русино“ со минимални технички услови за заштита на животната средина, согласно препораките на Европската Унија.
7. Зголемување на бројот на инспектори за животната средина. Информирање на младите и општо сите граѓаните за исходот на постапките покренати против загадувачите на животната средина.
8. Неопходно е креирање на апликација за пријавување на загадувачите, каде што корисниците ќе имаат можност, со видео, слика, датум, време, локација и други материјали да пријавуваат било какво загадување на животната средина во општина Гостивар.
9. Неопходно е да се формира Катастар за животната средина (која во себе содржи Регистар на загадувачи во склад со член 42 точка 5 на законот за заштита на животната средина). Со составувањето на катастарот на загадувачи, се очекува Гостивар да има податоци за тоа кои се загадувачите и до која мера е придонесуваат кон загадување на животната средина. На овој начин во иднина ќе помогне да се открие изворот на загадување и да се дејствува соодветно.
10. Да се издвои соодветен Фонд за подобрување на животната средина, кој воедно е во согласност со Стратегијата за чист воздух на општина Гостивар, во вредност од 1.000.000 евра. Од овие средства општината треба да издвои 5% од општинскиот буџет, додека другиот дел треба да се обезбеди од Владата на РСМ.

Општина Гостивар треба да преземе активности за реализација на овие препораки. На овој начин ќе овозможи подобрување на тековната состојба со животната средина.

БИБЛИОГРАФИЈА

1. Истражување за знаењата, ставовите и практиките во врска со климатските промени и животната средина

2. Стратешки план за намалување ризици од катастрофи на Општина Гостивар 2022 – 2026

3. Статут на општина Гостивар

4. Стратегија за чист воздух во општина Гостивар 2020

5. Национален план за управување со отпад 2020 – 2030

6. Стратегија за локален економски развој на општина Гостивар за периодот 2021 – 2025 година

Анекс 1. Анкета за млади

Оваа анкета е наменета за младите во Гостивар, со цел да добиеме слика за еколошките проблеми, предизвици со кои се соочуваат младите во средината во која живеат. Исто така со анкетата ќе ги согледаме и нивните ставови и предлози што младите мислаат кое е решението за решавање на овој горлив проблем.

Добиените податоци се анонимни и ќе ги користиме за целите на проектот „Чист град за чиста иднина“, реализиран од Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ-Гостивар.

Пол:

- Машко; Женско; Не знам.

Образование:

- Основно; Средно; Високо.

Возраст:

- До 16 години; 17 - 24 години; 24 - 29 години.

Според вас кои се главните причини за загадување на животната средина во вашето населено место? (можни се повеќе одговори.)

- Домашно греење
- Индустрија (Депонија Русино)
- Отпад
- Транспорт

Генерално, споредено со минатата година, дали сметате дека квалитетот на животната средина во вашето населено место:

- Се подобрува
- Се Влошува
- Останува ист
- Не знам

Според вас, кое е решението за проблемот загадувањето на животната средина на вашето населено место?

- Зголемување на зелена површина
- Воведување на јавен превоз
- Поставување на филтри на фабриките

- Промена на возен режим во централно градско подрачје

Дали сте информирани дека општина Гостивар еднаш годишно обезбедува субвенции за граѓаните за еколошко затоплување?

- Да
- Не
- Не знам

Според вас дали мислите дека општината треба да обезбеди повеќе субвенции за еколошко затоплување?

- Да
- Не
- Не знам

Доколку е потребно, дали сте подготвени да го смените типот на греење со цел да се намали загадувањето на животната средина?

- Да
- Не
- Можеби

Дали сметате дека доволно се казнуваат загадувачите на животната средина?

- Не се казнуваат
- Има казни, но се селективни
- Има казни, но не се плаќаат
- Не знам

Дали некогаш сте биле дел од иницијатива за заштита на природната средина?

- Да
- Не

Дали вие би користиле онлајн апликација за пријавување на загадување на животната средина?

a) Да
b) Не
c) Не знам


















Центар за развој на медиумите на заедниците
МЕДИУМ Гостивар

Ул: Булевар Браќа Гиновски бр. 61 Гостивар
Е-пошта: community.mediadev@gmail.com
Веб адреса: https://mediumcenter.mk/